ЕЛИТ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЖЕНИ МЕНАЏЕРИ

**Кодекс за финансирање на жени претприемачи**

**Писмо за приклучување кон Кодексот**

Асоцијацијата на жени менаџери "ЕЛИТ" (во понатамошниот текст "ЕЛИТ" ) со гордост го поддржува Кодексот за финансирање на жени претприемачи (во понатамошниот текст: „ Кодексот "), глобална иницијатива која има за цел да го намали финансискиот јаз и да ги отстрани бариерите за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во сопственост на жени и водени од жени. Како потписник, "ЕЛИТ" се обврзува да соработува со националните партнери, да обезбеди лидерство, да ги зајакне системите за податоци и да преземе конкретни активности за економско зајакнување на жените и унапредување на родовата еднаквост во финансискиот сектор.

Како потписник на Кодексот, "ЕЛИТ" се обврзува да ги спроведе следниве активности во рамките на трите столба на Кодексот:

**Заложби за лидерство:**

- "ЕЛИТ" ја назначува Ленка Угриновска, Извршен директор, како лидер во Кодексот за финансирање на жени претприемачи, која ќе ги води и ќе ги претставува напорите на нашата институција во рамки на Кодексот.
- "ЕЛИТ" ќе обезбеди соодветни внатрешни ресурси за спроведување на Кодексот, вклучително и определување на одговорни лица за координација и реализација на активностите.

**Заложби за активности:**

- "ЕЛИТ" ќе изработи информативна брошура за услугите наменети за ММСП предводени од жени и ќе организира информативни настани и бизнис-средби за поврзување, со цел да ги поврзе жените менаџери со

финансиските институции и пошироката јавност, овозможувајќи презентација на нивните производи и услуги.

Во прилог на ова писмо се доставува листа на сите обврски со рокови за спроведување и индикатори за следење на напредокот.

Со нетрпение очекуваме да соработуваме со нашите партнери во Националната коалиција на Кодексот за финансирање на жени претприемачи, со цел да постигнеме видливо и одржливо влијание за жените претприемачки во Северна Македонија.

**Со почит**,
Име и презиме: Ленка Угриновска
Функција: Претседателка
Институција: Здружение на жени менаџери „Елит“
Потпис:
Датум: 18.02.2026